МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
Бр. 02-697/1
17-03 2022 год.
СКОПЈЕ

# План за родова еднаквост

## Македонска академија на науките и уметностите

март 2022 година

**Содржина**

1. Вовед .......... 3
2. Регулаторна рамка на планот за родова еднаквост .......... 4
3. Цели на планот за родова еднаквост .......... 5
4. Акции и индикатори за имплементација .......... 6
5. Следење и валидност .......... 6

## 1. Вовед

Еднаквоста меѓу мажите и жените е фундаментален и универзален принцип кој е вклучен во најрелевантните меѓународни текстови кои ги регулираат и гарантираат човековите права. Елиминацијата на нееднаквостите меѓу половите е цел што мора да се следи од сите нивоа на општеството, особено од оние кои, поради нивното влијание мора да послужат како референца за другите, како што е случајот со академските институции. Борбата за вистинска рамноправност помеѓу жените и мажите е вклучена во концептот за општествена одговорност и се идентификува со трансверзалното вклучување на етиката во управувањето и соживотот на нашата заедница.

Планот за родова еднаквост на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) е резултат на цврстата посветеност да работи во корист на поправедно, толерантно и еднакво општество меѓу жените и мажите. Општество кое го фаворизира нивниот напредок и развој и во кое се почитуваат основните права и слободи на сите луѓе кои го сочинуваат.

За да се постигнат резултати, принципот на еднаквост меѓу жените и мажите мора да стане реалност, овозможувајќи подобро искористување на човечките ресурси. Во оваа смисла, важно е да се истакне активната улога на академските институции во однос на еднаквоста, преку развојот на различни студии и истражувања од страна на жени истражувачи. Тие служат за споредба на разликите и недостатоците кои сè уште ги засегаат жените во академија, спротивно на мажите, а со тоа се истакнува и потребата да се обезбедат решенија кои придонесуваат за надминување на овие ситуации.

И покрај напредокот што е постигнат во последните децении во однос на образованието и инкорпорирањето на жените на работното место, реалноста покажува дека има простор за развој, за суштински да се отстрани таканаречената социјална „невидливост“ на жените, особено интензивна на полето на истражување и генерирање на знаење.

Овој план е замислен како трансверзална и глобална стратегија, со цел да одговори на статусот на МАНУ, како институција посветена на напредок и социјална правда. Станува збор за амбициозен план, кој има за цел да ги елиминира постоечките форми на дискриминација, да го фаворизира усогласувањето на работата, семејството и личниот живот, постепено да ја интегрира родовата перспектива во организациските процеси и, во

крајна линија, да ги подобри условите во кои се одвива секојдневниот живот во рамките на просторот за работа и соживот, како што е Академијата.

## 2. Регулаторна рамка на Планот за родова еднаквост

МАНУ е највисока и самостојна научна и уметничка установа во Република Македонија која го поттикнува развојот на науките и уметностите; ја следи состојбата во науките и уметностите и се залага за нивното унапредување, како и за оспособувањето и усовршувањето на научно-истражувачките и уметничките кадри; ја разгледува состојбата во областа на културното наследство и природното богатство; соработува во утврдувањето на политиката на државата во науките и уметностите; поттикнува, координира, организира и врши научни истражувања и уметнички остварувања; се залага за примена на современите методи во научните истражувања како и на современите научни знаења и резултати од научните истражувања. Нејзин стремеж е да се соочи со предизвиците на модерното време, создавајќи и одржувајќи средина на еднакви можности и култура на еднаквост и инклузивност.

Во својата заложба за родова еднаквост, Академијата се потпира на постојната релевантна национална правна рамка во оваа област, и тоа:

- Уставот на Република Северна Македонија, со кој се гарантира дека „граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба".
- Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014 и 150/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/2021).
- Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ" бр. 258/2020).

Исто така, Академијата ги заснова своите активности согласно Националниот план за акција за полова рамноправност од 1999 година, Националниот план за акција за родова

рамноправност 2007-2012, Националната стратегија за родова еднаквост 2013-2020 и Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026.

Со донесување на овој План за родова еднаквост, Академијата се стреми кон унапредување на состојбата на родовата еднаквост во согласност со меѓународните стандарди, препораки и обврски, препознавајќи дека родовата еднаквост е еден од клучните аспекти за просперитет на целото општество.

### 3. Цели на планот за родова еднаквост

I План за родова еднаквост на МАНУ воспоставува низа активности на дејствување, кои се сметаат за приоритети за усогласување со националното и меѓународното законодавство за еднаквост, и врз основа на посветеноста за човекови права и општествена одговорност. Тој е фокусиран на спречување, откривање и корекција на нееднаквостите, и промовирање културни промени. Од суштинско значење е да се подигне свеста и да се обучи пошироката академска заедница за разбирање на постојаните нееднаквости, често засновани на родови стереотипи, кои се шират од различни сфери на општеството.

Планот за родова еднаквост на МАНУ се состои од пет специфични цели, кои се наменети за нееднаквоста да се открие и коригира, применувајќи ги во пракса оние дејствија кои придонесуваат за тоа. Овие цели се интегрирани во четири линии на дејствување, со акции и индикатори кои одговараат на потребите за справување со прашањето за родова еднаквост.

Општата цел на овој план е промоција, зајакнување и спроведување на политиките за родова еднаквост во МАНУ.

Специфичните цели се:

1. Да се применува во континуитет принципот на еднаквост во сите области на МАНУ и ширење на културата на еднаквост меѓу академската заедница.

2. Да се направи видлива работата на жените од различни научните области во академската заедница.

3. Да се истражува во полето на родова еднаквост и да се пренесува знаењето со родова перспектива.

4. Да се промовираат политики на пристап, промоција и професионален развој кои ја поддржуваат еднаквоста.

5. Да се придонесе кон искоренување на родовото и сексуално насилство.

МАНУ, како генератор и пренесувач на знаење и демократски и егалитарни вредности, има извонреден капацитет да влијае на општеството со кое е во интеракција, како поради неговите строго академски и истражувачки активности, така и поради проекција на своите активности за соработка со други јавни и приватни субјекти.

## 4. Акции и индикатори за имплементација

Планот за родова еднаквост на МАНУ е артикулиран во 4 линии на дејствување, посветени на: (1) сензибилизација, (2) истражување, (3) еднаквост на работа и усогласување помеѓу работата и личниот живот, и (4) родово-базирано и сексуално насилство и вознемирување. Овие дејствија ги интегрираат специфичните цели на Планот за родова еднаквост, развиени преку повеќе акции и индикатори за нивна имплементација.

Во извршувањето на својата јавна заложба, разбираме дека МАНУ има голема одговорност, која произлегува од неговиот карактер како претходник на јавната свест и пренесувач на вредностите на општеството. На овој начин, Академијата станува суштински инструмент за промовирање на општествените промени, постигнувајќи вклученост на целото општество како целина.

## 5. Следење и валидност

За да се земе предвид нивото на постигнување на Планот за родова еднаквост, годишно ќе се врши мониторинг, преточен во кус извештај, во кој ќе се опфати проценка за степенот на постигнување на планираните активности. Валидноста на Планот за еднаквост меѓу мажите и жените ќе биде две години од датумот на ратификација од страна на Претседателството на МАНУ и ќе биде обврзувачки за заедницата на Академијата.

## Акции и индикатори за имплементација

1. **Сензибилизација на заедницата за релевантноста на родова еднаквост**
   - ❖ ***Акција:*** Дисеминација на информации за еднаквоста на вработените во МАНУ и I План за родова еднаквост на МАНУ
     - *Индикатор:* Збир на активности (дописи, куси извештаи, статистика поделена по пол) за еднаквост од различните центри со цел дисеминација на податоците и на Планот
     - *Одговорен:* Административна служба на МАНУ, Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
     - *Временска рамка: 1 годишно*
   - ❖ ***Акција:*** Соработка со други институции и групи за еднаквост
     - *Индикатор:* Збир на активности спроведени со други институции или групи за еднаквост за промовирање прашања за еднаквост
     - *Одговорен:* Административна служба на МАНУ, Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
     - *Временска рамка: 1 годишно*
   - ❖ ***Акција:*** Комеморативни чинови 25 ноември и 8 март
     - *Индикатор:* Број на активности поврзани со родова еднаквост објавени на веб-страната на МАНУ
     - *Одговорен:* Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
     - *Временска рамка: 1 годишно*

2. **Истражување со перспектива на родова еднаквост**
   - ❖ ***Акција:*** Ажурирана состојба на родова еднаквост во тековните истражувачки активности
     - *Индикатор:* Процент на мажи и жени кои водат истражувачки групи, проекти и договори, во однос на вкупниот број мажи и жени истражувачи во МАНУ

- *Одговорен:* Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
- *Временска рамка: 1 годишно*

❖ ***Акција:*** Промоција на родова еднаквост и нејзино истражување во различни области на знаење

- *Индикатор:* Број на известувања за меѓународни, национални и регионални повици за истражување, вклучувајќи активности за родова еднаквост
- *Одговорен:* Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
- *Временска рамка: 1 годишно*

❖ ***Акција:*** Дифузија на истражувањата со родова перспектива и истражувања спроведени од жени, наспроти оние спроведени од мажи

- *Индикатор:* Број на објавувања и активности за дифузија на истражувањата од жени истражувачи во МАНУ
- *Одговорен:* Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
- *Временска рамка: 1 годишно*

**3. Еднаквост на работа и усогласување помеѓу професионалниот и личниот живот**

❖ ***Акција:*** Гаранција за родова еднаквост во огласите за вработување и повиците на МАНУ

- *Индикатор:* Број на огласи за вработување кои го почитуваат принципот на еднаквост и збир на жени наспроти мажи во новите вработувања на МАНУ
- *Одговорен:* Административна служба на МАНУ, Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
- *Временска рамка: 1 годишно*

❖ ***Акција:*** Информирање околу регулативите и работничките права во однос на мајчинството/татковството и грижата за издржуваните членови на семејството

- *Индикатор:* Критериуми за регулирање на баланс помеѓу работата и личниот живот на вработените во МАНУ, во ситуации на грижа за издржувани членови на семејството
- *Одговорен:* Административна служба на МАНУ, Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
- *Временска рамка: 1 годишно*

❖ ***Акција:*** Баланс во присуството на мажи и жени на различни акти на институционално претставување и на рзлични управувачки позиции во организацијата

- *Индикатор:* Број на мажи и жени во актите на застапување и сооднос меѓу мажи/жени од вкупниот број на лица назначени да бидат дел од управувањето на МАНУ
- *Одговорен:* Административна служба на МАНУ, Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
- *Временска рамка: 1 годишно*

**4. Родово-базирано и сексуално насилство и вознемирување**

❖ ***Акција:*** Превземање на неопходните мерки за превенција и заштита од сексуално и родово насилство и вознемирување

- *Индикатор:* Протокол за превенција и заштита од сексуално и родово вознемирување, и кампања за подигање на свеста за откривање и спречување на родово насилство
- *Одговорен:* Административна служба на МАНУ, Комисија за спроведување и следење на Планот за родова еднаквост на МАНУ
- *Временска рамка: 1 годишно*

❖ ***Акција:*** Заштита на жртвите од родово-базирано насилство, преку гаранција за зачувување на работните места, академските права и олеснување на развојот на нивната работна активност

- *Индикатор:* Протокол и мерки за продолжување на работните активнсти на жртвите од сексуално и родово насилство и вознемирување
- *Одговорен:* Административна служба на МАНУ
- *Временска рамка: 1 годишно*

Претседател на МАНУ,

акад. Љупчо Коцарев